МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

МЦМС

ГРАЃАНСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР

# ОГЛЕДАЛО НА ВЛАДАТА

## Следење на отвореноста на процесите на подготовка на закони

**Месечен преглед на консултации со јавноста за објавени закони на ЕНЕР**

**бр. 53**

Предлог-закони утврдени на седница на Владата во период од 1 до 30 септември 2020 г.

12

Бр. на предлог-закони со запазен минимален рок за консултации на ЕНЕР: 5

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: 1
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 4

Бр. на предлог- закони кои се утврдени на Влада и за кои има обврска да бидат ставени на ЕНЕР но не се објавени на ЕНЕР: 7

Бр. на предлог-закони со отстапки од запазување на минимален рок за консултации на ЕНЕР: 0

- Утврдени на Влада, „Затворени" на ЕНЕР: 0
- Утврдени на Влада, уште „Отворени" на ЕНЕР: 0

**кај 5 предлог-закони е забележано почитување на минималниот рок за консултации со јавноста преку ЕНЕР**

**7 предлог-закони за кои има обврска воопшто не се ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста**

Согласно Деловникот за работа на Владата министерствата мораат задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk) предлозите за донесување закон, нацртите и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, и тие да бидат достапни за коментари од јавноста 20 дена од денот на објавувањето.

**Табела.** Преглед на поднесени предлог-закони по министерства и почитување на обврската за консултации со јавноста на ЕНЕР

| Министерство | Бр. на предлог-закони утврдени на седница на Влада | Бр. на предлог-закони со отстапки од обврската за консултации* | % на отстапки од обврската за консултации |
|---|---|---|---|
| Мф | 1 | 1 | 100% |
| МП | 2 | 1 | 50% |
| МТВ | 3 | 0 | 0% |
| МОН | 5 | 5 | 100% |
| МТСП | 1 | 0 | 0% |
| ВКУПНО | 12 | 7 | 58.33% |

*Граѓанскиот ресурсен центар е проект финансиран од Европската Унија а спроведуван од Македонски центар за меѓународна соработка во партнерство со АДИ, Гостивар и Медиа плус, Штип. Во рамките на Граѓанскиот ресурсен центар се публикуваат месечни известувања со резултатите од следењето на Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР) Целта на оваа активност е да се зголеми информираноста на граѓаните и да се поттикнат граѓанските организации и другите засегнати страни да учествуваат во раните фази на подготовката на законите. Оваа активност е продолжување на Проектот Огледало на Владата www.ogledalonavladata.mk, отпочнат во 2012 г., со поддршка на ЕУ(ЕИДХР) и УСАИД.*

**Предлог-законот или не е ставен на ЕНЕР за консултации или пак не е испочитуван рокот за консултации од 20 дена*

**Што се следи?**

**Предлог-закони отворени на ЕНЕР**

**Како се следи?**

**Редовно се бележат:**

**Статус во кој е поставен предлог-закон**

**Датум на поставување на документи**

**Период кој што е даден како можноста за давање коментари**

**Содржина на поставени документите**

**Како се одредува период на консултации?**

**Периодот се одредува според бројчаникот достапен на ЕНЕР.**

**Се следи кога предлог закон бил утврден на Седница на Влада и се споредува со периодот во кој што предлог закон беше отворен за коментари според бројчаник.**

**„Отворен" значи дека предлог-законот е отворен за консултации од страна на јавноста.**
**„Затворен" значи дека предлог-законот е утврден на седница на Влада.**

## ЦЕЛИ

Во овој преглед се претставени резултатите од следењето на предлог-законите поставени на Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кои биле утврдени на седница на Владата и доставени до Собрание во текот на септември. Прегледот има цел да укаже на почитување односно отстапување од обврската која ја имаат органите на државната управа (пред се министерствата) предлозите за донесување закон и предлозите на закони, освен законите кои се донесуваат по итна постапка, задолжително да ги објават на ЕНЕР (www.ener.gov.mk). Истите треба да бидат достапни на увид и консултација со јавноста најмалку 20 дена од денот на објавувањето (Деловникот за работа на Владата на Република Македонија, *„Службен весник на РМ" бр. 113/2017*).

## МЕТОДОЛОГИЈА

Како почетен ден за консултации се смета денот кога текстот на предлог-законот е објавен на ЕНЕР. Доколку во одредена објава на ЕНЕР за отпочнување на процесот на консултации воопшто не е поставен текстот на предлог-законот бројот на денови за консултации е нула.
Како датум на утврдување на завршувањето на консултации се користи еден од двата начини:

1. Датумот на истекување на рок за консултации согласно бројчаникот за преостанато време за консултации на ЕНЕР;
2. Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада, доколку тој е пред датумот на завршување на период на консултации според бројчаникот на ЕНЕР.

Датумот на утврдување на предлог-закон на Седница на Влада се следи преку информациите достапни на веб-страницата на Собранието и од записниците достапни на веб-страницата на Владата.

## РЕЗУЛТАТИ

Во периодот од 1 до 30 септември 2020 г., до Собранието беа поднесени вкупно **12** предлог-закони и за сите нив постои обврска да бидат ставени на ЕНЕР. Од тие 12 предлог-закони, 5 беа ставени на ЕНЕР за консултации со јавноста и рокот за консултации од 20 дена е испочитуван кај сите 5 предлог-закони, но статусот на ЕНЕР е сменет во "Затворен" само кај еден предлог-закон.

Предлог-законите за кои е испочитувана обврската за консултации се: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за автокампови, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за скијалишта, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба, предложени од **Министерство за транспорт и врски,** Предлог-закон за изменување на Законот за заштита на укажувачи, предложен од **Министерство за правда**, Предлог-закон за спречување и заштита од дискриминација, предложен од **Министерство за труд и социјална политика.** Овде треба да се напомене дека Предлог-законот за спречување и заштита од дискриминација беше доставен и изгласан со просто мнозинство во Собранието во март 2019 г., но подоцна Законот беше укинат од Уставниот суд. Затоа, истиот предлог-закон повторно беше доставен до Собранието во септември 2020. Бидејќи во меѓувреме не се направени измени во текстот на предлог-законот, не постои обврска истиот да биде повторно ставен на ЕНЕР за консултации со јавноста.

Предлог-законите за кои постоеше обврска да бидат ставени на ЕНЕР за консултации а сепак тоа не беше испочитувано се: Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, по скратена постапка, Предлог-закон за дополнување на Законот за ученичките стандарди, по скратена постапка, Предлог-закон за дополнување на Законот за студентски стандарди, по скратена постапка, Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишна возраст, основното и средното образование, по скратена постапка, предложени од **Министерство за образование и наука,** Предлог-закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор, по скратена постапка, предложен од **Министерство за финансии,** Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за судските такси, предложен од **Министерство за правда.**

Дел од предлог-законите предложени од Министерството за образование и наука, кои не беа претходно ставени на ЕНЕР, се однесуваат на измени и дополнувања на тековни закони со цел подобро спроведување на образовниот процес во време на пандемијата предизвикана од КОВИД-19.

**Во овој број:**

**Предлог- закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование**

## Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование

Иако овој предлог-закон директно не влијае врз работењето на граѓанските организации, сепак поради неговата важност за широката јавност, во овој месечен преглед подетално ги разгледуваме измените и дополнувањата на Законот за основно образование кои беа доставени до Собрание во септември 2020.

Со предлог-законот се уредува дека во услови на вонредни околности (утврдено постоење на кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), училиштето организира воннаставни активности за учениците поврзани со нивниот личен, социо-емоционален и психолошки развој при што за учеството во овие воннаставните активности во вонредни околности наставникот води само евиденција за присуство на учениците, и не се издава додаток на свидетелство.

Согласно на предлог-законот во услови на вонредни околности, учебната година може да започне и заврши и во време различно од времето утврдено во Законот, за што одлучува Владата. Одлуката на Владата може да се однесува на целата територија на државата или на нејзин дел. Во услови на вонредни околности бројот на наставните денови во учебната година може да биде помал од 180, но не помалку од 100 наставни денови, за што одлучува Владата. Воспитно - образовната работа не смее да се прекинува во текот на наставната година, освен во случај на настапување на вонредни околности (прогласена кризна состојба, прогласена епидемија, односно пандемија, пожари, поплави или други големи природни непогоди), за што одлучува Владата која го уредува начинот на организирање и реализирање на наставата до крајот на учебната година, но не помалку од 100 наставни денови, според скратени наставни програми, кои на предлог на Бирото, ги утврдува министерот.

Со дополнувањата на Законот, се регулира дека во услови на настапување на вонредните околности во основните училиште може да се организира настава со физичко присуство на учениците или преку далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација на начин согласно со овој Закон.

Средства за електронска комуникација, во смисла на овој закон, се средства кои обезбедуваат реализација на наставата без заедничко физичко присуство на учесниците во наставниот процес. Во основното училиште во условите на вонредни околности, кога наставата е организирана преку далечинско учење, може да се организира настава со физичко присуство на учениците доколку се исполнети критериумите и условите согласно здравствените протоколи за соодветниот вид на училиште донесени од Владата согласно закон, епидемиолошката состојба на подрачјето на општината на која се наоѓа училиштето, бројот на учениците во паралелката и просторните и хигиенско санитарните услови во училиштето, на начин согласно на овој Закон. Во услови на утврдено постоење на кризна состојба, односно во услови на епидемија, односно пандемија, кога не е утврдено постоење на вонредна состојба, за траењето на наставниот час како и за бројот на ученици во паралелка одлучува Владата.

Дополнително на измените и дополнувањата на Законот за основно образование, слични измени и дополнувања се направени и во Законот за средно образование.